**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИЧЕВО**

**СЕКТОР / ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ____________________**

БР.10-392/5
Од 17.03.2023год.

Градоначалникот на Општина Кичево, решавајќи по барањето на **ДПИГК "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ, Скопје**, поднесено под број 10-392/3 од 23.02.2023 година, за одобрување на планска програма, врз основа на член 44 став 7, член 29, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), го издава следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Планска програма,со техн.број 04-213/2022** од Февруари 2023 година изработена од **ДПИГК "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ, Скопје**, за изработка на Урбанистички План Вон Населено Место (УПВНМ) со класи на намена Б2 – Големи единици за трговија и А4 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 810/1, дел од КП 809 и дел од КП 801, КО Другово – Општина Кичево.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Барателот ДПИГК "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ, Скопје** поднесе барање под број 10-392/3 од 23.02. 2023 година за одобрување на **Планска програма,со техн.број 04-213/22** од февруари 2023 година изработена од **ДПИГК "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ, Скопје**, за изработка Урбанистички План Вон Населено Место (УПВНМ) со класи на намена Б2 – Големи единици за трговија и А4 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 810/1, дел од КП 809 и дел од КП 801, КО Другово – Општина Кичево.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог проектна програма

2. Предлог за одобрување на проектна програма

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Кичево, со Решение бр. 09-229/1 од 29.01.2021год, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-392/4 од 15.03.2023 година.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИЧЕВО**

**СЕКТОР / ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ____________________**

Градоначалникот на општината Кичево по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 и став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

---

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Fatmir Dehari/Фатмир Дехари**

Fatmir Dehari

Digitally signed by Fatmir Dehari
DN: c=MK, ou=VAT - 4012004118718, 2.5.4.97=NTRMK-6010342, o=OPShTINA KIChEVO, serialNumber=181635, title=Gradonachalnik, sn=Dehari, givenName=Fatmir, cn=Fatmir Dehari
Date: 2023.03.17 10:10:33 +01'00'